ООУ „ ЃОРЃИ СУГАРЕВ“ - БИТОЛА

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ И ИНФОРМАТИКА ОСМО ОДДЕЛЕНИЕ УЧЕБНА 2026 / 2027 ГОДИНА

НАСТАВНИ ТЕМИ	
Современа информатичка технологија	8 часа
Запознавање со информатички концепти преку решавање на логички натпреварувачки задачи	6 часа
Програмирање во C++	28 часа
Креирање проекти со програми за канцелариско работење	10 часа
Програма за растерска графика	10 часа
Онлајн живеење	10 часа
ВКУПНО	72 часа

resursi.literatura.mk

Наставен предмет	ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ И ИНФОРМАТИКА
Вид / категорија на наставен предмет	Задолжителен
Одделение	VIII – осмо одделение
Теми / подрачја во наставната програма	1. Современа информатичка технологија (8 часа) 2. Запознавање со информатички концепти преку решавање на логички натпреварувачки задачи (6 часа) 3. Програмирање во C++ (28 часа) 4. Креирање проекти со програми за канцелариско работење (10 часа) 5. Програма за растерска графика (10 часа) 6. Онлајн живеење (10 часа)
Број на часови	2 час неделно / 72 часа годишно
Опрема и средства	✓ Компјутери, проектор, микробит ✓ Интернет ✓ Микробит ✓ Хартија, хамер, тетратка, молив, лепило

resursi.literatura.mk

Изготвил: Предметен наставник – М-р Оливера Шиклеска-Грозданова	ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ Битола
Адаптирал:	
Предмет: Техничко образование и информатика VIII одд.	
Наставна тема – програмирање во C++	

содржини (и поими)	стандарди за оценување	Часови и дата на реализација	Сценарио за час	средства	следење на напредокот
Креирање програми со редоследна структура	Ја користи техниката на приказ на екран и техниката за внесување податоци при конструкција на програми (повторување);	1	***Воведна активност-Активирање на предзнаењата** • Активност „Програмерски детективи“: на таблата се прикажува кратка програма со 3 намерни грешки. Учениците во парови ги откриваат и објаснуваат, а потоа со брзи прашања се потсетуваат на cin, cout, променливи и редослед на извршување. • Учениците преку краток квиз, повторуваат за интегрираната околина за програмирање, градбените елементи на програмата, променливи, синтаксичките правила на пишување искази за приказ на екран и техниката на внесување податотоци од страна на корисникот. ***Главна активност- Искуствено учење** Учениците изработуваат воведна вежба со која се потсетуваат на користењето на cin и cout, пишувајќи едноставна програма за пресметување на плоштина на правоаголник со зададени страни од тастатура. Потоа учениците разменуваат програми со партнер и проверуваат дали внесувањето, пресметката и	Компјутери за учениците Компјутер на наставникот ЛЦД проектор Презентација на пример програма подготвена од наставникот https://cpp.sh онлајн C++ компајлер Работни листови https://blog8gs.blogspot.com/p/3-c.html квиз	Усни одговори на прашања поставени од наставникот Придонес во дискусии Практична работа – изработка на програми во C++ Придонес во донесување заклучоци

resursi.literatura.mk

			приказот се точни. Учениците на кои им е потребна поддршка добиваат шаблон со делумно пополнет код, а понапредните додаваат пораки за внес и проверуваат влезови со различни вредности. ***Завршна активност-**Изведување на заклучоци Заеднички се издвојуваат чекорите на програмата и најчестите грешки при внесување и прикажување податоци. Учениците проверуваат дали програмата работи со најмалку два различни влеза. Кратка дискусија во целото одделение за најчестите синтаксички грешки при заборавање на точка-запирка (;) или операторите << / >>. ***Рефлексија** Учениците со метод на „семафор“ (црвено, жолтно, зелено ливче) ја оценуваат својата подготвеност за наредните посложени задачи. Учениците пополнуваат „семафор“: зелено – можам самостојно да користам cin и cout; жолто – ми треба уште еден пример; црвено – ми треба помош. Дополнуваат: „Следниот пат ќе внимавам на…“		

resursi.literatura.mk

Изготвил: Предметен наставник – М-р Оливера Шиклеска-Грозданова	ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ Битола
Адаптирал:	
Предмет: Техничко образование и информатика VIII одд.	
Наставна тема – програмирање во C++ 2	

содржини (и поими)	**стандарди за оценување**	**Часови и дата на реализација**	**Сценарио за час**	**средства**	**следење на напредокот**
Креирање програми со редоследна структура	• Ја користи техниката на редоследно извршување на секвенци од искази - напластени искази. ● Пишува програми со редоследна структура според зададен визуелен излез на екран.	1	***Воведна активност-Активирање на предзнаењата** Игра - Предвиди го излезот на екран: учениците гледаат краток пример со \n и \t и на ливче го запишуваат очекуваниот приказ. Споредуваат одговори и објаснуваат како знаците го менуваат распоредот на текстот. ***Главна активност- Искуствено учење** Учениците креираат програми со редоследна структура во кои внесуваат податоци од тастатура, пресметуваат и резултатите ги прикажуваат според зададени барање. Пример 1: Табеларно прикажување на влезни податоци, нивни квадрати, кубови и двојни вредности. Пример 2 : Внесување цели броеви a и b и знак c, со кои се исцртува правоаголник на екран со димензии a и b, односно во a редови да се отпечатат по b пати знакот c. Учениците ги тестираат програмите со најмалку	Компјутери за учениците Компјутер на наставникот ЛЦД проектор Презентација на пример програма подготвена од наставникот https://cpp.sh онлајн C++ компајлер Работни листови https://blog8gs.blogspot.com/p/3-c.html	Усни одговори на прашања поставени од наставникот Придонес во дискусии Практична работа – изработка на програми во C++ Придонес во донесување заклучоци

resursi.literatura.mk

			два различни влеза, проверуваат распоред на излезот и во парови предлагаат подобрувања за читливоста на табелата. ***Завршна активност-**Изведување на заклучоци Неколку ученици ги прикажуваат резултатите. Одделението утврдува кога се користат \n и \t и проверува дали табеларниот приказ е читлив. Се истакнуваат грешките во операторите и форматирањето. Потоа се анализираатрешенијата на неколку ученици проектирани на ЛЦД проекторот. ***Рефлексија** Учениците одговараат на прашањето: „Што ти беше најпредизвикувачки при форматирањето на излезот со \n?“ Излезно ливче: „\n служи за…“, „\t служи за…“ и една грешка што ќе ја проверам пред да ја предадам програмата.		

resursi.literatura.mk

Изготвил: Предметен наставник – М-р Оливера Шиклеска-Грозданова	ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ Битола
Адаптирал:	
Предмет: Техничко образование и информатика VIII одд.	
Наставна тема – Програмирање во C++3	

содржини (и поими)	стандарди за оценување	Часови и дата на реализација	Сценарио за час	средства	следење на напредокот
Креирање програми со редоследна структура	Ја користи техниката на редоследно извршување на секвенци од искази - напластени искази. ● Пишува програми со редоследна структура според зададен визуелен излез на екран.	1	***Воведна активност-Активирање на предзнаењата** Предизвик: наставникот прикажува правоаголник направен од симболи. Учениците предлагаат кои податоци треба да се внесат и како да се контролира бројот на редови и знаци во секој ред. ***Главна активност- Искуствено учење** • Учениците креираат програми со редоследна структура во кои внесуваат податоци од тастатура, пресметуваат и резултатите ги прикажуваат според претходно зададен визуелен излез. • Пример : Да се внесат бројни податоци и знаци од тастатура и со нив да се исцрта на екранот некој визуелен излез (на пример, да се внесат два позитивни цели броеви a и b и произволен знак c, и да се отпечати правоаголник со димензии a и b, односно во a редови да се отпечатат по b пати знакот c) и сл.	Компјутери за учениците Компјутер на наставникот ЛЦД проектор Презентација на пример програма подготвена од наставникот https://cpp.sh онлајн C++ компајлер Работни листови https://blog8gs.blogspot.com/p/3-c.html	Усни одговори на прашања поставени од наставникот Придонес во дискусии Практична работа – изработка на програми во C++ Придонес во донесување заклучоци

resursi.literatura.mk

			• Работат индивидуално или во парови: прво го планираат изгледот на правоаголникот, потоа го пишуваат кодот и го проверуваат со различни димензии. Понапредните ученици додаваат проверка за позитивни вредности. ***Завршна активност-**Изведување на заклучоци Учениците ги споредуваат добиените правоаголници со барањето и проверуваат дали димензиите се точни. Се сумира како редоследот на циклуси/искази влијае врз визуелниот излез. ***Рефлексија** Самооценување со палец: нагоре – го добив бараниот приказ; настрана – ми треба доработка; надолу – ми треба помош. Учениците запишуваат што би сменile за да го подобрат излезот.		

Изготвил: Предметен наставник – М-р Оливера Шиклеска-Грозданова	ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ Битола
Адаптирал:	
Предмет: Техничко образование и информатика VIII одд.	
Наставна тема – Програмирање во C++4	

содржини (и поими)	стандарди за оценување	Часови и дата на реализација	Сценарио за час	средства	следење на напредокот
Креирање програми со структура на избор	.● Го објаснува концептот на споредбен израз (услов).	1	***Воведна активност-Активирање на предзнаењата** Игра „Ако… тогаш…“: наставникот чита секојдневни ситуации (на пример, ако температурата е под нула). Учениците креваат зелено/црвено ливче според тоа дали условот е исполнет и го формулираат условот со зборови. **Главна активност- Искуствено учење** • Учениците преку дискусија повторуваат за структурата на избор од две можности, наведуваат соодветни примери од секојдневието, ги објаснуваат синтаксичките и семантичките правила при конструкција на програми. • Потоа креираат програми во кои според точноста на споредбениот израз, т.е. условот (едноставен или с сложен израз добиен со конјункција, дисјункција или негација) ќе се извршат блок од искази. Пример 1: Да се провери дали три броеви внесени од тастатура се позитивни и ако условот е исполнет да се пресмета аритметичка средина инаку да се	Компјутери за учениците Компјутер на наставникот ЛЦД проектор Презентација на пример програма подготвена од наставникот https://cpp.sh онлајн C++ компајлер Работни листови https://blog8gs.blogspot.com/p/3-c.html	Усни одговори на прашања поставени од наставникот Придонес во дискусии Практична работа – изработка на програми во C++ Придонес во донесување заклучоци

resursi.literatura.mk

			испиши пораката дека не се сите броеви позитивни. • Учениците прво запишуваат табела со влез, услов и очекуван резултат, а потоа ја тестираат програмата за случај кога условот е исполнет и кога не е. Понапредните ученици конструираат сопствен сложен услов со &&, || или !. **Завршна активност-**Изведување на заклучоци Учениците формулираат правило: условот одредува кој блок ќе се изврши. Се споредуваат решенијата и се проверува однесувањето кога условот е точен и кога е неточен. **Рефлексија** Учениците довршуваат реченица: „Условот е точен кога…“ и наведуваат пример за ситуација во која треба да се изврши другата гранка.		

resursi.literatura.mk

Изготвил: Предметен наставник – М-р Оливера Шиклеска-Грозданова	ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ Битола
Адаптирал:	
Предмет: Техничко образование и информатика VIII одд.	
Наставна тема – Програмирање во C++5	

содржини (и поими)	стандарди за оценување	Часови и дата на реализација	Сценарио за час	средства	следење на напредокот
Креирање програми со структура на избор	Самостојно конструира споредбени изрази според дадени барања.	1	**Воведна активност-Активирање на предзнаењата** Предизвик „Дали системот ќе те логира?“: учениците предлагаат кои проверки ги прави системот при внесување корисничко име и лозинка. Разликуваат точен и неточен внес и разговараат зошто е потребен услов. **Главна активност- Искуствено учење** • Пример 2: Да се провери точноста на корисничкото име и лозинката внесени од корисникот со претходно зададени податоци и да се испишат соодветни пораки на екранот (внесените податоци се точни или не). • Учениците тестираат најмалку три комбинации на корисничко име и лозинка и проверуваат дали секоја дава соодветна порака. Разговараат зошто во реални системи лозинките не треба да се споделуваат. **Завршна активност**-Изведување на заклучоци Учениците во парови тестираат точни и неточни комбинации и ги споредуваат пораките. Се заклучува дека проверката мора да ги опфати сите барани податоци и да даде јасен одговор. **Рефлексија** Рефлексија „Две ѕвезди и желба“: учениците наведуваат две работи што ги направиле добро и една работа што сакаат да ја подобрат во проверката на влезните податоци.	Компјутери за учениците Компјутер на наставникот ЛЦД проектор Презентација на пример програма подготвена од наставникот https://cpp.sh онлајн C++ компајлер Работни листови https://blog8gs.blogspot.com/p/3-c.html	Усни одговори на прашања поставени од наставникот Придонес во дискусии Практична работа – изработка на програми во C++ Придонес во донесување заклучоци

resursi.literatura.mk

Изготвил: Предметен наставник – М-р Оливера Шиклеска-Грозданова				ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ Битола	
Адаптирал:					
Предмет: Техничко образование и информатика VIII одд.					
Наставна тема – Програмирање во C++6					
содржини (и поими)	**стандарди за оценување**	**Часови и дата на реализација**	**Сценарио за час**	**средства**	**следење на напредокот**
Креирање програми со структура на избор	Креира програми со структура на избор од две можности..	1	**Воведна активност-Активирање на предзнаењата** Брз предизвик „Три броеви – еден услов“: учениците добиваат картички со три должини и проценуваат дали може да се состави триаголник. Потоа образложуваат зошто мора да важат сите три нееднаквости. **Главна активност- Искуствено учење** • Пример 3: Да се провери дали три броеви можат да бидат страни на триаголник (условот е a+b>c и a+c>b и b+c>a) и врз основа на тоа да се пресмета периметарот на триаголникот, во спротивно да се испиши порака дека дадените вредности не можат да бидат димензии на страни на триаголник. • Пример 4: Да се внесат три цели броеви и да се прикажат на екранот подредени почнувајќи од најмалиот. • Потоа учениците тестираат триаголник со валидни и невалидни должини, а кај подредувањето проверуваат различни комбинации на броеви. Во парови го	Компјутери за учениците Компјутер на наставникот ЛЦД проектор Презентација на пример програма подготвена од наставникот https://cpp.sh онлајн C++ компајлер Работни листови https://blog8gs.blogspot.com/p/3-c.html	Усни одговори на прашања поставени од наставникот Придонес во дискусии Практична работа – изработка на програми во C++ Придонес во донесување заклучоци

resursi.literatura.mk

			објаснуваат редоследот на проверките. **Завршна активност-**Изведување на заклучоци Учениците ги објаснуваат условите за триаголник и ги проверуваат програмите со примери што ги исполнуваат и не ги исполнуваат условите. За подредувањето се тестираат и броеви со еднакви вредности. . **Рефлексија** Учениците одговараат: „Кој услов најлесно го заборавив?“ и „Како ќе проверам дали решението е точно?“		

resursi.literatura.mk

Изготвил: Предметен наставник – М-р Оливера Шиклеска-Грозданова	ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ Битола
Адаптирал:	
Предмет: Техничко образование и информатика VIII одд.	
Наставна тема – Програмирање во C++7	

содржини (и поими)	стандарди за оценување	Часови и дата на реализација	Сценарио за час	средства	следење на напредокот
Креирање програми со структура на избор	● Ја користи техниката на вгнездување на структури и искази во програми. ● Самостојно изработува програми со претходно изучените техники.	1	***Воведна активност-Активирање на предзнаењата** Учениците се потсетуваат на услови и променливи и е одговараат на прашања како програма би препознала точен одговор и собрала поени. ***Главна активност- Искуствено учење** • Учениците следат презентација на готови пример програми (квиз и/или продавница) со примена на досега изучените техники. Потоа индивидуално или во парови креираат програми на истите или слични теми. • Пример 1: Да се креира квиз со најмалку пет прашања поврзани со некој наставен предмет, така што одговорот на секое прашање да се состои од еден број, буква или збор. Учениците кои подобро напредуваат да ги земат предвид различните начини на внесување на одговорите, дали сите букви се мали, големи или првата буква голема, а останатите мали. За секој точен одговор да	Компјутери за учениците Компјутер на наставникот ЛЦД проектор Презентација на пример програма подготвена од наставникот https://cpp.sh онлајн C++ компајлер Работни листови https://blog8gs.blogspot.com/p/3-c.html	Усни одговори на прашања поставени од наставникот Придонес во дискусии Практична работа – изработка на програми во C++ Придонес во донесување заклучоци

resursi.literatura.mk

			се додели по еден поен, а на крај да се прикаже вкупниот број на освоени поени. • Учениците планираат прашања, внесуваат услови за точен одговор и водат евиденција за поените. Потоа тестираат точни и неточни одговори и проверуваат дали резултатот на крајот е точен. ***Завршна активност-**Изведување на заклучоци Се демонстрираат неколку квизови и се проверува дали поените се собираат точно. Учениците предлагаат подобрување на прашањата и тестираат одговори со различна големина на букви ако е предвидено. ***Рефлексија** Учениците оценуваат колку придонеле во квизот и запишуваат една идеја за подобро прашање или појасна порака за резултатот.		

resursi.literatura.mk

Изготвил: Предметен наставник – М-р Оливера Шиклеска-Грозданова	ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ Битола
Адаптирал:	
Предмет: Техничко образование и информатика VIII одд.	
Наставна тема – Програмирање во C++8	

содржини (и поими)	**стандарди за оценување**	**Часови и дата на реализација**	**Сценарио за час**	**средства**	**следење на напредокот**
Креирање програми со структура на избор	● Го објаснува концептот на споредбен израз (услов). ● Самостојно конструира споредбени изрази според дадени барања. ● Креира програми со структура на избор од две можности. ● Ја користи техниката на вгнездување на структури и искази во програми. ● Самостојно изработува програми со претходно изучените техники.	1	**Воведна активност-Активирање на предзнаењата** Игра „Паметна продавница“: учениците добиваат картички со производи и цени, избираат што би купиле и рачно го пресметуваат вкупниот износ. Предвидуваат како програмата ќе го ажурира збирот. **Главна активност- Искуствено учење** • Пример 2: Да се креира листа со најмалку пет производи и нивните цени, така што секој од нив ќе му биде понуден на корисникот („Dali sakate da kupite xxx po cena od yyy”). Со одговор да или не, корисникот ќе избере некои од производите, а на крај на програмата ќе пресмета колку треба да се плати за избраните производи. • Учениците ја градат програмата чекор по чекор: понуда на производ, внес на избор, додавање на цената и приказ на вкупниот износ. Понапредните додаваат број на избрани производи или порака кога нема купување. **Завршна активност-**Изведување на заклучоци Се споредуваат рачниот и програмскиот вкупен износ. Учениците проверуваат сценарио кога не купуваат	Компјутери за учениците Компјутер на наставникот ЛЦД проектор Подготвени картички со производи и цени https://cpp.sh онлајн C++ компајлер Работни листови https://blog8gs.blogspot.com/p/3-c.html	Усни одговори на прашања поставени од наставникот Придонес во дискусии Практична работа – изработка на програми во C++ Придонес во донесување заклучоци

resursi.literatura.mk

			ниту еден производ и кога избираат повеќе производи. **Рефлексија** Учениците одговараат: „Како проверив дека сумата е точна?“ и „Кој тест би го направил уште?“		

Изготвил: Предметен наставник – М-р Оливера Шиклеска-Грозданова	ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ Битола
Адаптирал:	
Предмет: Техничко образование и информатика VIII одд.	
Наставна тема – Програмирање во C++9	

содржини (и поими)	**стандарди за оценување**	**Часови и дата на реализација**	**Сценарио за час**	**средства**	**следење на напредокот**
• **Структура за повторување на искази дури е исполнет даден услов** (циклус, структура за повторување на циклус дури е исполнетдаден услов, while структура)	• Го објаснува концептот на извршување (повторување) циклус дури е исполнет даден услов преку примери од секојдневието.	1	**Воведна активност-Активирање на предзнаењата** Игра „Повтори додека…“: учениците даваат примери од секојдневието во кои постапката продолжува додека важи некој услов. Заеднички го именуваат условот и моментот кога постапката запира. ***Главна активност- Искуствено учење** • Учениците следат презентација со примери од секојдневниот живот во кои низа од постапки се повторува повеќе пати се додека е исполнет даден услов, со што го осознаваат концептот за повторување и структурата за	Компјутери за учениците Компјутер на наставникот ЛЦД проектор Презентација на пример програми подготвена од наставникот https://cpp.sh онлајн C++ компајлер	Усни одговори на прашања поставени од наставникот Придонес во дискусии Практична работа – изработка на програми во C++

resursi.literatura.mk

			повторување на блок од искази додека е исполнет даден услов. На пример, постапката за пржење палачинка се повторува се додека има од смесата, се додека има производ во кошницата се вчитува неговата цена и се додава во сумата за наплата и сл. Се поттикнуваат учениците да дадат свои примери за повторување постапки поврзани со различни активности од секојдневието. • Учениците во парови го претвораат еден секојдневен пример во чекори: почетна состојба, услов за повторување, постапка и промена што овозможува запирање. Потоа го поврзуваат планот со while. **Завршна активност-**Изведување на заклучоци Учениците го објаснуваат значењето на условот и моментот на запирање. Се издвојува дека циклусот мора да има услов што може да стане неточен. **Рефлексија** Довршуваат: „Циклусот while се повторува сè додека…“ и наведуваат пример кога треба да запре.	Работни листови https://blog8gs.blogspot.com/p/3-c.html	Придонес во донесување заклучоци

resursi.literatura.mk

					Битола
Адаптирал:					
Предмет: Техничко образование и информатика VIII одд.					
Наставна тема – Програмирање во C++10					
содржини (и поими)	**стандарди за оценување**	**Часови и дата на реализација**	**Сценарио за час**	**средства**	**следење на напредокот**
• **Структура за повторување на искази дури е исполнет даден услов** (циклус, структура за повторување на циклус дури е исполнетдаден услов, while структура)	• Ја објаснува во чекори структурата за повторување на искази дури е исполнет даден услов;	1	**Воведна активност-Активирање на предзнаењата** Наставникот прикажува краток циклус while и бара учениците да предвидат дали ќе се изврши еднаш, повеќе пати или воопшто нема да започне. Учениците го образложуваат одговорот според условот. ***Главна активност- Искуствено учење** • Учениците преку пример програма се запознаваат со синтаксата и семантиката на структурата за повторување дури е исполнет даден услов и водат дискусија за излезот кој го дава програмата. Притоа следат објаснување за чекорите по кои се извршуваат исказите во циклусот. • Учениците следат извршување чекор по чекор и пополнуваат табела со вредностите на променливата и условот. Потоа менуваат една вредност и предвидуваат како ќе се смени излезот. ***Завршна активност-**Изведување на заклучоци Заеднички се составува шема на текот на while-циклусот: проверка на условот, извршување на телото и повторна проверка. Учениците го опишуваат	Компјутери за учениците Компјутер на наставникот ЛЦД проектор Презентација на пример програма подготвена од наставникот https://cpp.sh онлајн C++ компајлер	Усни одговори на прашања поставени од наставникот Придонес во дискусии Практична работа – изработка на програми во C++ Придонес во донесување заклучоци

resursi.literatura.mk

			редоследот со свои зборови. ***Рефлексија** Учениците со палец нагоре/настрана/надолу покажуваат колку го разбираат текот на while-циклусот и запишуваат едно прашање што сè уште го имаат.		

Изготвил: Предметен наставник – М-р Оливера Шиклеска-Гроздановa				ООУ „Горѓи Сугарев“ Битола	
Адаптирал:					
Предмет: Техничко образование и информатика VIII одд.					
Наставна тема – Програмирање во C++11					
содржини (и поими)	**стандарди за оценување**	**Часови и дата на реализација**	**Сценарио за час**	**средства**	**следење на напредокот**
• **Структура за повторување на искази дури е исполнет даден услов** (циклус, структура за повторување на циклус дури е исполнетдаден услов,	● Ги користи синтаксичките и семантичките правила за структура за повторување дури е исполнет даден услов при конструкција на едноставни програми.	1	**Воведна активност-Активирање на предзнаењата** Активност „Следи го бројачот“: учениците добиваат табела со колони „вредност на променливата“, „услов“ и „излез“ и ја пополнуваат за циклусот што прикажува броеви од 1 до 5. ***Главна активност- Искуствено учење** Учениците следат демонстрирање на пример програма со структура за повторување дури е исполнет даден услов, со која на излез се прикажуваат броевите од 1 до 5. Преку овој пример	Компјутери за учениците Компјутер на наставникот ЛЦД проектор Презентација	Усни одговори на прашања поставени од наставникот Придонес во дискусии Практична работа – изработка на програми во C++

resursi.literatura.mk

while структура)			осознаваат како се одредува иницијална вредност на променлива, зошто е потребно таа да се менува во циклусот и колку пати ќе се повторува циклусот од наредби зависно од точноста на условот кој сме го поставиле. Учениците преку испишување на дадениот пример ја вежбаат синтаксата на структурата за повторување и коригираат евентуални грешки. Потоа на истата пример програма прават промени за да добиваат различен излези како на пример, да се прикажат парните броеви од третата десетка еден под друг почнувајќи од 22 до 30, да се прикажат непарните броеви почнувајќи од 21 до 11 во ист ред, да се прикажат броевите од 1 до 10 еден под друг, така што до секој од нив да се прикаже и неговиот квадрат. • Учениците ги менуваат почетната вредност, условот и чекорот на зголемување за да ги добијат зададените серии. Секој пример го тестираат и објаснуваат зошто циклусот завршува. **Завршна активност-**Изведување на заклучоци Учениците ги споредуваат табелите со реалниот излез од програмата. Се проверува иницијалната вредност, ажурирањето и бројот на повторувања. . ***Рефлексија** Излезно ливче: учениците го запишуваат значењето на иницијализација, услов и ажурирање со по еден краток пример.	на пример програма подготвена од наставникот https://cpp.sh онлајн C++ компајлер	Придонес во донесување заклучоци

resursi.literatura.mk

Изготвил: Предметен наставник – М-р Оливера Шиклеска-Грозданова					ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ Битола
Адаптирал:					
Предмет: Техничко образование и информатика VIII одд.					
Наставна тема – Програмирање во C++12					
содржини (и поими)	**стандарди за оценување**	**Часови и дата на реализација**	**Сценарио за час**	**средства**	**следење на напредокот**
• **Структура за повторување на искази дури е исполнет даден услов** (циклус, структура за повторување на циклус дури е исполнетдаден услов, while структура)	● Ги користи синтаксичките и семантичките правила за структура за повторување дури е исполнет даден услов при конструкција на едноставни програми.	1	**Воведна активност-Активирање на предзнаењата** Учениците во парови добиваат код и без компјутер го запишуваат излезот. Секој пар го објаснува текот на извршување и предвидува што ќе се случи ако условот се промени. **Главна активност- Искуствено учење** • Учениците следат презентација со пример програми во кои треба да ја го разгледаат структурата за повторување, да го идентификуваат циклусот и да се обидат да го добијат излезот на програмата без претходно да ја извршат програмата. За добиените резултати водат дискусија во помали групи или со сите останати ученици во одделението. Зависно од дефинираниот услов учениците треба да воочат дека циклусите можат да не се извршат ниту еднаш, да се повторуваат одреден број пати или бесконечно да се повторуваат во програмата. • Учениците ја вежбаат синтаксата на	Компјутери за учениците Компјутер на наставникот ЛЦД проектор Презентација на пример програма подготвена од наставникот https://cpp.sh онлајн C++ компајлер	Усни одговори на прашања поставени од наставникот Придонес во дискусии Практична работа – изработка на програми во C++ Придонес во донесување заклучоци

resursi.literatura.mk

			структурата за повторување дури е исполнет даден услов, така што добиваат задачи и делумно креирани циклуси во кои треба да ги испишат резервираните зборови кои недостасуваат, вредностите кои им се доделуваат на променливите за да се добие даден излез, да идентификуваат колку пати ќе се повтори циклусот, што треба да се промени во циклусот за тој да биде конечен и сл. Точноста на одговорите ја самооценуваат така што примерите ги испишуваат во едиторот и истите ги извршуваат. • Потоа учениците ги извршуваат програмите за да ги проверат предвидувањата. За циклус што не се извршува или се повторува бесконечно, предлагаат конкретна промена на почетната вредност, условот или ажурирањето. **Завршна активност-**Изведување на заклучоци Се споредуваат предвидениот и вистинскиот излез. Секој пар наведува еден услов под кој циклусот не се извршува и еден пример за бесконечно повторување. **Рефлексија** Учениците проценуваат колку точно го предвиделе излезот и наведуваат што им помогнало: следење на променливата, условот или бројот на повторувања.		

resursi.literatura.mk

Изготвил: Предметен наставник – М-р Оливера Шиклеска-Грозданова	ООУ „Горѓи Сугарев“ Битола
Адаптирал:	
Предмет: Техничко образование и информатика VIII одд.	
Наставна тема – Програмирање во C++13	

содржини (и поими)	стандарди за оценување	Часови и дата на реализација	Сценарио за час	средства	следење на напредокот
• **Структура за повторување на искази дури е исполнет даден услов** (циклус, структура за повторување на циклус дури е исполнетдаден услов, while структура)	Креира едноставни програми со користење на структурата за повторување дури е исполнет даден услов.	1	**Воведна активност-Активирање на предзнаењата** Предизвик „Собери без да ја надминеш границата“: со жетони учениците симулираат собирање броеви сè додека збирот не ја достигне зададената граница. Го опишуваат условот што треба да го контролира циклусот. **Главна активност- Искуствено учење** • Учениците креираат програми со наредбата while. • Пример 1: Да се пресмета сумата на броевите од првата десетка. • Пример 2: Да се испише колку последователни броеви почнувајќи со 1 треба да се соберат за да се добие максималната сума помала од даден број на влез. • Пример 3: Исто како пример 2, при што броевите што се собираат не се 1, 2, 3... туку се внесуваат еден по еден од тастатура се дури не се надмине одредена сума.	Компјутери за учениците Компјутер на наставникот ЛЦД проектор Презентација на пример програма подготвена од наставникот https://cpp.sh онлајн C++ компајлер	Усни одговори на прашања поставени од наставникот Придонес во дискусии Практична работа – изработка на програми во C++ Придонес во донесување заклучоци

resursi.literatura.mk

			Учениците изработуваат едно решение со while, а потоа го проверуваат со различни гранични вредности. Понапредните додаваат броење на внесените броеви и јасна порака за конечниот резултат. **Завршна активност-**Изведување на заклучоци Учениците ги споредуваат решенијата и објаснуваат како условот и ажурирањето влијаат врз конечниот збир. Се тестираат и мала и поголема гранична вредност. . **Рефлексија** Самооценување: „Можам да користам while за собирање броеви“ – да/делумно/сè уште не. Наведуваат каде наишле на потешкотии.		

resursi.literatura.mk

Изготвил: Предметен наставник – М-р Оливера Шиклеска-Грозданова	ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ Битола
Адаптирал:	
Предмет: Техничко образование и информатика VIII одд.	
Наставна тема – Програмирање во C++14	

содржини (и поими)	стандарди за оценување	Часови и дата на реализација	Сценарио за час	средства	следење на напредокот
